ЈЗУ УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ДЕРМАТОЛОГИЈА - СКОПЈЕ
Мајка Тереза бр.17 , 1000 Скопје, Р. Македонија
Тел. + 389 2 31 47 205
e-mail: ukdermatologija@zdravstvo.gov.mk

INTERCERT CERTIFIED ISO 9001 Q-003/2016

ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ДЕРМАТОЛОГИЈА
INSTITUCIONI PUBLIK SHËNDETËSOR
KLINIKA UNIVERSITARE PËR DERMATOLOGJI
Бр.-Nr. 04-22/1
08.01. 20 25 год.-viti
Скопје

Врз основа на член 161 од Законот за здравствена заштита (Службен весник на РСМ бр.43/12, 145/12, 87/13, 39/14, 43/14, 132/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19, 101/19, 153/19, 180/19, 275/2019, 77/2021, 178/2021, 122/2022, 150/2022, 236/2022, 199/2023, 236/2023, 30/2024, 74/2024 и 170/2024), Правилникот за систематизација на работи места на ЈЗУ УК за дерматологија-Скопје и чл.30 и 31 од Статутот, работоводниот орган на ЈЗУ УК за дерматологија донесе

**ОДЛУКА**

**за не вршење на избор на кандидат по интерен оглас бр.04-697/2 од 12.12.2024 за унапредување на здравствен работник**

Член 1

По интерниот оглас бр.04-697/2 од 12.12.2024 за унапредување на здравствен работник на следното работно место - Одговорна медицинска сестра на оддел за специјалистичко консултативна дејност со биохемиска лабараторија со шифра на работното место ЗДР 03 01 Б02 001, не се врши избор на кандидат.

Член 2

За извршениот неизбор ќе бидат известени пријавените кандидати.

Член 3

Донесената одлука ќе биде објавена на веб страната на ЈЗУ УК за дерматологија и на огласна табла во Клиниката.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

***Образложение***

На ден 12.12.2024 година на веб страната на Клиниката и на огласна табла на Клиниката, беше објавен Интерен оглас за унапредување на здравствен работник на следното работно место - Одговорна медицинска сестра на оддел за специјалистичко консултативна дејност со биохемиска лабараторија со шифра на работното место ЗДР 03 01 Б02 001.

Комисијата за селекција на кандидат за здравствен работник со високо образование (формирана со Решение бр.04-697/3 од 12.12.2024 година) изврши селекција на пријавените кандидати по Интерниот оглас и достави до работоводниот орган на Клиниката Записник од состанокот за селекција на кандидати (Допис до работоводен орган со арх.бр. 04-697/6 од 27.12.2024 и Записник со арх.бр.04-697/5 од 20.12.2024)

Имајќи го во предвид записникот од одржаниот состанок на Комисијата за селекција и утврдената фактичка состојба, според која ниту еден од пријавените кандидати не ги исполнува сите наведени услови во Интерниот оглас, работоводниот орган одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Правна поука: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 8 (осум) дена од приемот на известувањето и одлуката за избор на кандидат.

ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија-Скопје
В.Д. Директор
Проф.д-р Катерина Дамевска